ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН ИНТЕРНЕТ БИЗНИС

# Заработете со Google AdSense

***Доколку имате компјутер и интернет врска, можете уште веднаш да го започнете вашиот електронски бизнис. Кога е Интернетот во прашање, само небото е граница. Продавајте македонско вино во Лондон, кинески скутери во САД, или, пак, рекламен простор ширум светот. Ако сте талентирани, креативни и упорни, можеби ќе успеете да изградите вистинска On-Line империја или ќе креирате само профитабилен семеен бизнис. Доколку сте вработени, слободното време искористете го да остварите дополнителни приходи или, едноставно, уживајте во вашето ново лукративно хоби***



**Пишува:**
**м-р Златко Бежовски**
**zbezovski@yahoo.com**

Во претходните неколку четвртоци говоревме за тоа како да регистрирате домен и хостинг и како да изработите ваша WEB страна. Уште додека ја разработувате идејата за вашата страна, потребно е да ги обмислите и начините на кои што ќе остварувате приходи. Притоа, на располагање имате разни начини од кои што наједноставна и најчесто применувана е програмата за емитување рекламни пораки Adsense на интернет гигантот Google.

Adsense функционира едноставно. Добивате HTML код/кодови, ги копирате во вашите интернет страници и откако ќе ги поставите онлине, Google автоматски започнува да емитува рекламни пораки од своите коминтенти. Заработувате тогаш кога некој од посетителите на вашата страна ќе кликне на некоја од рекламите. Рекламите се со различна големина и може да се сместат во различни делови од WEB страницата, според ваш избор. Постојат текстуални реклами со линк и краток опис, слики или видео реклами. Вие можете да изберете дали ќе се емитуваат само едни или сите типови реклами. Рекламите кои што се појавуваат, се во контекст на содржината на вашата WEB страна. Имено, Google ја скенира содржината, ја определува темата и емитува реклами од соодветни огласувачи. Така на пример, доколку вашата страна е посветена на туристички дестинации, ќе се појавуваат реклами за авионски карти, сместување, тури, хотели и сл. Констектуалноста на рекламите овозможува поголема заработувачка по број на остварени кликнувања.

Откако ќе ја изработите WEB страната, ќе ја збогатите со содржина и ќе успеете да привлечете посетители, време е да ги поставите и Adsense рекламите. Пред да се регистрирате, осигурете се дека на страната имате каква таква посетеност, затоа што доколку во рок од два месеци не остварите никаков приход, сметката може да ви биде затворена. Не кликајте на сопствените реклами, бидејќи Google сигурно ќе ве открие и казни. Регистрирајте се на www.google.com/adsense со вашите вистински генералии и адреса. За неколку дена ќе добиете одобрение и можете да започнете со поставување на кодовите во рамки на вашата WEB страница. За да ги одберете форматот на рекламата и боите, логирајте се на Adsense и влезете во рубриката AdSense Setup > Get Ads. HTML кодот што ќе го добиете, пренесете го на соодветно место во вашата страна со HTML едитор или друга соодветна програма.

Доколку сето ова ви изгледа премногу комплицирано, не се откажувајте, има и поедноставно решение. За да почнете полека да навлегувате во тајните на интернет бизнисот и AdSense, отворете блог на blogger.com. Блогот претставува најлесен начин да имате сопствена WEB страна, додека AdSense програмата е интегрирана во blogger.com и поставувањето на рекламите е по принципот Drag and Drop. Одберете специфична и конкретна тема и редовно поставувајте текстови. Одберете некој од светските јазици, со цел повеќе да заработите.

Секогаш кога го одбирате форматот и боите на рекламата, гледајте тие да се вклопат во страницата и што помалку да личат на реклами. Пример за такво поставување можете да видите на http://startbiz.blogspot.com. Притоа, можете да видите и како изгледа едноставен блог, од кој што може и да се заработи. Секаде каде што ќе забележите Ads by Google, се работи за рекламите од Adsense.

Доколку сакате подетално да се запознаете со тајните на AdSense и можноста да се заработи со блог, симнете ја бесплатната е-книга на www.adsense-secrets.com/moneyads.pdf

Како и кај секој Интернет бизнис, така и со рекламите на Adsense, основен услов да се заработи е да се постигне солидна посетеност на WEB страната. Исто така е важно посетителите да се од атрактивни целни пазари, т.е. од земјите со развиена електронска трговија, како што е САД. На ваквите пазари заработувачката по клик е далеку повисока од неатрактивните пазари како што е и Македонија. Во следните броеви подетално ќе се осврнеме на начините како да се привлечат посетители на WEB страните.

Висината на заработувачката зависи и од одбраната тематика, при што цената на клик варира од 1 цент до 5 долари и повеќе. Доколку успеете да постигнете посетеност од 200 различни корисници дневно, можете да заработите и преку 150 долари месечно. Тоа можеби и не изгледа многу, но доколку работите паралелно на неколку WEB страни, повеќекратно можете да ја зголемите заработувачката.

Кога на вашата сметка на AdSense ќе се соберат повеќе од 100 долари во текот на еден или повеќе месеци, Google ќе ви испрати девизен чек по пошта и истиот може да го замените во некои од домашните банки.

Немојте да бидете нестрпливи, трудот секогаш се исплатува. Со AdSense резултатите нема да дојдат веднаш, затоа не се откажувајте. Во плодовите што ќе ги посадите денес, ќе можете да уживате по четири, шест или повеќе месеци.

**Следниот Четврток:**
**Како да привлечете посетители**